**20242714684**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 31 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/24), а во врска со член 2 параграф 3 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2014,55/2017 и 88/2018), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 12.12.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

I

Се утврдува вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенциите за 2025 година, во износ од 0,8 евра во денарска противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 01.01.2025 година.

III

Оваа одлука е конечна.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 24 став 1 алинеја, член 29 став 3 и член 31 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015,11/2018, 21/2018, 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/24), а во врска со член 2 параграф 3 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2014, 55/2017 и 88/2018 ), вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенциите се утврдува со одлука донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, во рок од десет дена од денот на усвојување на годишната програма за работа и е изразена во евра во денарска противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2025 година е усвоена од страна на Комисијата на Агенцијата по предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 10.12.2024 година, како што е предвидено во член 11 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/15, 11/2018, 21/2018, 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/24).

Финансискиот план за 2025 година содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за 2025 година.

Според усвоената годишна програма односно финансискиот план за 2025 година вкупните планирани приходи по основ на користење на радиофреквенции изнесува 460.500.000 денари.

Вредноста на бодот е формирана врз основа на активните одобренија за користење на радиофреквенции кои се планирани да се фактурираат во 2025 година, со што се планира да се реализираат планираните приходи по основ на годишен надоместок за користење радиофреквенции.

Врз основа на горенаведеното согласно на член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 31 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/15,11/2018, 21/2018,98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/24), а во врска со член 2 параграф 3 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2014,5 5/2017 и 88/2018) на предлог на Секторот за финансии и сметководство број 0508-23/167од 12.12.2024 година, директорот на Агенцијата за електронски комуникации ја донесе оваа одлука како во диспозитивот.

Бр. 0201-3101/1
17 декември 2024 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику,** с.р